# Склучени првите договори според изменетата Програма ИПАРД 2007-2013



Денес во Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој се склучија првите пет одобрени договори според изменетата Програма ИПАРД. Со измените и дополнувањата на Програмата се овозможи поголем опфат на корисниците и нивните потреби за инвестиции во земјоделските стопанства вклучително и механизација – трактори, потоа се намали долниот праг за вредноста на прифатливите инвестиции и се зголеми вредноста на кофинансирањето на крупните проекти за кои аплицираат поголеми земјоделски стопанства. Воедно се овозможи постепено воведување на стандардите на ЕУ преку реализацијата на проектите кофинасирани од оваа програма. Во завршна фаза е одобрувањето на поголеми проекти од секторот Производство на вино, осовременување на производството на овошје, осовременување на производство во стакленици.



По објавувањето на осмиот јавен повик за доставување на барања за користење средства од ИПАРД Програмата 2007-2013 година до Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој беа доставени 402 барања за користење на средствата за трите мерки од оваа програма кои се однесуваат на: инвестиции во земјоделски стопанства со цел нивно преструктуирање и надградба за достигнување на стандардите на Европската Унија, за кои се обработија 335 барања, Инвестиции за преработка и маркетинг на замјоделските производи со нивно преструктуирање и надградба за достигнување на стандардите на ЕУ за кои се обработија 14 барања како и Диверзификација и развој на руралните економски активности, за кои се обработија 53 барања.



Согласно процедурите за евалуација и одобрување на проектите, Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој започна со склучување на договори за кофинансирање со апликантите чии проекти за користење на средства се одобрени. Денес склучените договори се однесуваат на инвестиции за набавка на земјоделска механизација вклучително и трактори како и опрема за обработка на

лозов насад, заштита на насад, ѓубрење и берба.

До крајот на месецот и почетокот на следниот ќе бидат склучени и останатите договори со апликантите чии барања за финансиска поддршка ќе бидат одобрени. Воедно, Агенцијата извести дека веќе е најавено објавувањето на следниот следниот јавен повик за доставување на барање за финансиска поддршка од ИПАРД Програмата кој ќе се објави во месец февруари 2014 година.